РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 04-1171/8

02.09.2026 год./viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14,72/15, 129/15, 173/2015, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23, 59/25, 154/25 и 132/26), а во врска со Јавниот оглас за практиканти во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 02/2026, заведен под бр. 04-1171/1 од 18.08.2026 година и Записникот за спроведена селекција и интервју бр.04-1171/6 од 31.08.2026 година, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе:

## О Д Л У К А
## за избор на практикант по Јавен оглас број 02/2026

Член 1

По Јавниот оглас за практиканти во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 02/2026, објавен на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на ден 19.08.2026 година, се избира кандидатот Јордан Димитриев за ангажирање како практикант во Сектор за управување со ресурси во Одделение за финансиски прашања.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 19.08.2026 година на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони беше објавен Јавен оглас за практиканти во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 02/2026 кој траеше 5 (пет) дена од денот на објавувањето односно заклучно до 24.08.2026 година за ангажирање на 3 (три) практиканти во Сектор за управување со ресурси во Одделение за финансиски прашања, Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки во Одделение за јавни набавки, како и во Сектор за анализа, преговори и следење на договори за државна помош.

Од страна на вработените во Сектор за управување со ресурси беше спроведена селекција и интервју со единствениот кандидат кој поднесе уредна, навремена и комплетна пријава за што е составен Записник за спроведена селекција и интервју по однос на Јавен оглас за практиканти во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 02/2026 заведен под бр.04-1171/6 од 31.08.2026 година.

Согласно Записникот, се предлага да се донесе одлука со која ќе се изврши избор на кандидатот Јордан Димитриев за извршување на практикантска работа во Сектор за управување со ресурси во Одделение за финансиски прашања, поради што Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе одлука како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука може да се поднесе приговор до Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во рок од 8 дена од денот на врачувањето на одлуката.

Директор
Д-р Гоце Димовски

---------------------------

Изработил: Благородна Трајковска
Контролирал: Ирена Касапоски Стојанова
Одобрил: Маја Жупаноска Стефановска